Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 јули 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Горан Антески од Кичево УП2 09-187/26 од 14 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_12_20260304_124 од 17.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_12_20260304_124 од 17.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Горан Антески од Кичево до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-187/26 од 14 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_12_20260304_124 од 17.03.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на објект во с. Тајмиште, Зајас, на КП бр. 993, КО Тајмиште.

Ова е второ поднесување на приговор за истиот објект, при што за претходниот приговор е издадено Решение за одбивање УП2 бр. 09-936/25 од 20.10.2025 година.

Според Електродистрибуција – не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа, односно најблискиот столб на постоечката нисконапонска мрежа е на оддалеченост од 520 метри, а притоа во близина на неговата парцела нема други потенцијални баратели како во скоро време би граделе нова дистрибутивна мрежа.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 26 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-234/26 од 20 мај 2026 година со прилог:

- Приговор
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица

2. Дополнителни докази од ЕВН од 19 јуни 2026 година со прилог:

- Имотен лист
- Потврда за исправност на електроинсталација
- Приговараното Решение

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Видно од доставената документација е дека техничките услови не се променети во однос на постапката по претходниот Приговор за кој е донесено горенаведеното Решение УП2 бр. 09-936/25 од 20.10.2025 година.

Се работи за големо растојание од парцелата до најблиската приклучна точка, во подрачје за кое не постои урбанистичко-планска документација.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–187/26**
**6 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**